Бр./Nr 12-2604/6
29-01-2024 г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-2604/1 од 23.05.2023 година, против градоначалникот на општина _____ _______, **СЕ ЗАПИРА**

ДКСК утврди дека, во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2604/1 од 23.05.2023 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител на ден 23.05.2023 година, поднесена е пријава против градоначалникот на _____ _______ со наводи за можна злоупотреба на службената положба во врса со издадено одобрение за изградба на фотоволтаични системи спротивно на Законот за градење, при што ДКСК оформи предмет број 12-2604/1 од 23.05.2023 година.

Во доставената пријава се наведува дека со издаденото одобрение се допушта деградација на културното и историско наследство, од причина што предметниот локалитет на чии што парцели била предвидена градбата на фотоволтаичните системи континуирано бил предмет на бројни археолошки истражувања.

Во своето надлежно постапување по веќе оформениот предмет заради утврдување на фактичката состојба, до ДКСК во законски предвидениот рок од Министерството за

култура доставен е одговор на наше претходно барање со прилог податоци и информации и од увидот на истите констатирано е следното:

Според законот за урбанистичко планирање кој претставува основен показател за тоа каков е статусот на секоја катастарска парцела на целата територија на РСМ, за конкретниот случај од страна на стручно лице Археолог и овластено лице за безбедност на културното наследство при извршениот увид на лице место утврдено е дека наведените катастарските парцели **на спаѓаат** во зоната на Археолошкиот локалитет ________ (______) општина _____ _______.

Дополнително, ДКСК во постапувањето по предметот од увидот на прибавената документација на Општина _____ _______, утврди дека станува збор за градба од втора категорија, а воедно постапката за добивање на одобрение за градба е водена според Законот за општата управна постапка а издаденото одобрение е согласно член 57 и член 58 од Законот за градење.

Врз основа на наведеното, ДКСК во случајот со утврдената фактичка состојба не констатираше повреда на Закон и согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси утврди дека нема елементи за натамошно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: П.Б

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**